| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Професии и занаети |
| **Содржина на денот** | Што сакам да бидам |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Правилна употреба на алатите кои се потребни за различните занаети и прфесии. |
| **Активности** | Запознавње со неколку видови професии и занаети.<br>Со помош на фотографии разговарајте со детето за различните професии и занети. Објаснете што е тоа професија, а што занает. Разговарајте кои занаети ги има кај нас и кои професии ги работат возрасните на работа. Објаснете му ја на детето Вашата прфесија која Вие ја работите,а потоа набројте со помош на фотографии уште неколку професии: полицаец, пожарникар, лекар и други. Разговарајте и откријте кои работни задачи ги извршуваат на нивните работни места. Разговорот продолжува што работат занаетичиите, и според фотографии што ги покажувате го мотивирате детето да каже, или пак одбере која професија или знанает би сакал го работи кога ќе порасне. По разговорот заедно со детето можете да појдете на кратка прошетка до неколку занаетчиски работилници, детето да забележи што работат занаетчиите во дуќаните. Со волшебниот збор –Ве молам- се обраќате на занетчијата во дуќанот да даде дозвола детето да проба,види како се работи занетот. Во посета на занаетчиските дуќани одбирате чевлар, кројач, грнчар, слаткар или други занаети достапни во Вашето опкружување. Откако завршувате со прошетката заедно со детето одмарате во одбраната слаткарница во која пробувате вкусни слатки што ги подготвиле за гостите. |